# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 22.06. 2017 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 7 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за именување на член во Управниот Одбор на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе бр. 0801- 273 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година.

**Бр.0901-283**
**22.06. 2017 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) како и член 17 став 2 од Законот за Јавните Претпријатија (Сл.Весник на РМ бр. бр.38/96,6/02,40/03, 49/06,22/07 83/09,6/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член на Управниот одбор на ЈП “Погребални Услуги” – Свети Николе**

**Член 1**

За член на Управниотт Одбор на ЈП “Погребални Услуги” – Свети Николе со право на уште еден мандат се именува:

- Маринела Ристова

**Член 2**

Мандатот на членот на Управниот Одбор е со траење од **4** (**четири**) години.

**Член 3**

Оваа Решение влегува во сила со денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0801 - 273** **Совет на Општина Свети Николе**
**22.06.2017 година** **Претседател**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донес

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за именување на членови на Надзорниот Одбор на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе бр. 0801- 274 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година.

**Бр.0901-283/2** **Општина Свети Николе**
**22.06. 2017 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) како и член 17 став 2 од Законот за Јавните Претпријатија (Сл.Весник на РМ бр. бр.38/96,6/02,40/03, 49/06,22/07 83/09,6/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови на Надзорен одбор на ЈП “Погребални Услуги” – Свети Николе**

**Член 1**

За членови на Надзорниот Одбор на ЈП “Погребални Услуги” – Свети Николе со право на уште еден мандат се именуваат:

- **Дејан Јовев**
- **Стојна Трајчева**

**Член 2**

Мандатот на членовите на Надзорниот Одбор е со траење од **4** (**четири**) години.

**Член 3**

Оваа Решение влегува во сила со денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0801 - 274** **Совет на Општина Свети Николе**
**22.06.2017 година** **Претседател**

**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за именување на член во Управниот Одбор на ЈОУДГ „Рахилка Гонева„ Свети Николе бр. 0801- 275 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година.

**Бр.0901-283/3**
**22.06. 2017 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) , Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 godina го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Рахилка Гонева„ – Свети Николе**

**Член 1**

За член на Управниот Одбор на ЈОУДГ „Рахилка Гонева„ – Свети Николе се именува:

- **Василка Атанасова**

**Член 2**

Мандатот на членот на Управниот Одбор е со траење од **4** (**четири**) години.

**Член 3**

Оваа Решение влегува во сила со денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0801 - 275**
**22.06.2017 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за донесување Детален урбанистички план за Индустриска зона „Југ„ КО Свети Николе со површина на плански опфат ид 69.14ха за плански период 2016-2021 година Општина Свети Николе бр. 0801- 276 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година.

**Бр.0901-283/4**
**22.06. 2017 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа член 22, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 39, став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06.2017 година донесе

**О Д Л У К А**
**За донесување на Детален урбанистички план за Индустриска зона „ЈУГ“ КО Свети Николе, со површина на плански опфат од 69.14 ха, за плански период 2016 - 2021 год. Општина Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Индустриска зона „ЈУГ“ КО Свети Николе. Документацијата за донесување на деталниот урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17) и Правилник за поблиската содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко – плански документации и архитектонско – урбанистичкиот проект и содржината и формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/15).

**Член 2**

Границата на планскиот опфатот е дефинирана со осовините на планираните улици, односно :
- на **север** границата на планскиот опфат започнува од осовината на патот кој води кон с. Мечкуевци” (КП бр.11702/1) и кон исток продолжува и опфаќа дел од КП бр. 10480, 10481, 10482/1, 11703/1, 11668,11703/2 до КП бр.11668 од која опфаќа мал дел и продолжува кон југ по источна страна на планскиот опфат,
- на **исток** минува по осовината на автопатот А4 (Граница со Косово (ГП Блаце)–Крстосница Стенковец-обиколница Скопје -ПетровецМиладиновци-Св.Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр. со Бугарија (ГПНово Село)”.
- на **југ** минува исто така по осовината на магистрален пат, КП бр. 11636/2, по јужната граница на КП бр.11642/1,
- на **запад** граница се движи по осовината на ул. „Маршал Тито”, односно регионален пат Р 1204.
Површината на плански опфат изесува 69.14.ха, а планскиот период е 2016-2021год.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени:

- Г2 – Лесна индустрија
- Д1 – Парковско зеленило
- Д4 – Меморијални простори
- Е1 – Комунална инфраструктура

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален и графички дел од планот ДУП Индустриска зона „ЈУГ“ КО Свети Николе – Општина Свети Николе, со тех.бр. 3334 од мај 2017, изработен од Дизајн Центар Инженеринг Трајче ДООЕЛ Кавадарци
- Известување дека Министерството за транспорт и врски не постапи согласно член 38 став 2
- Извештај од јавна презентација и јавна анкета на Детален урбанистички план за Индустриска зона „ЈУГ“ КО Свети Николе, со површина на плански опфат од 69.14 ха, за плански период 2016 - 2021 год. – Општина Свети Николе

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр.0801-276** **Совет на општина Свети Николе**
**22.06.2017 година** **Претседател**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред донесена од страна на Совет на Оппштина Свети Николе бр.0701-1095 од 21.12. 2012 година бр. 0801- 277 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година.

**Бр.0901-283/5** **Општина Свети Николе**
**22.06. 2017 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/2), како и член 9 став 1 во врска со став 3 и член 12 став 1 точка 3 во врска со став 2 од Законот за комуналните дејности („Сл.весник на РМ“ бр.95/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за изменување и дополнување на Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување бр. 0701 – 1095 од 21.12.2012 година**

**Член 1**

Со ова Одлука се врши измена и дополнвуање на Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување бр. 0701 – 1095 од 21.12.2012 година.

**Член 2**

Во член 99 од Одлуката после ставот 7 се додава нов став 8 кој гласи: „ Надоместокот кој Операторот на Погребални услуги им го наплатува на корисниците на услугите не смее да го надмине износот предвиден во Одлуката за отстапување на надоместок и бесплатни услуги за погреб на покоен донесена од страна на управителот на гробишта, а на која согласност дава Советот на Општина Свети Николе, зголемена за трошоците на кои Оператор на погребални услуги ги има кон Управителот на гробишта„.

После став 8 се додава нов став 9 кој гласи: „Операторот на Погребални услуги како вршител на дејност од јавен интерес – комунална дејност, е должен во целост да ги почитува одредбите од Законот за гробишта и погребални услуги, Законот за комунални дејности, Законот за јавните претпријатија, Законот за локална самоуправа, Закон за заштита на потрошивачите и Законот за заштита на конкуренцијата„.

После став 9 се додава нов став 10 кој гласи: „ Во случај на територијата на Општина Свети Николе да не постои оператор на Погребални услуги, погребалните услуги ке ги врши Управителот на гробишта без надомест до појава на Оператор на Погребални услуги„.

**Член 3**

Се техничка врши исправка на Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување бр. 0701 – 1095 од 21.12.2012 година во делот на датумот на донесување, така што наместо 21.12.2012 година треба да стои „27.12.2012 година„.

**Член 4**

Во останатиот дел Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување бр. 0701 – 1095 од 27.12.2012 година останува непроменета.

**Член 5**

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801 - 277**
**22.06.2017 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2017 година бр. 0801- 278 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година.

**Бр.0901-283/6** **Општина Свети Николе**
**22.06. 2017 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 163/16), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови за 2017 година на територијата на Општина Свети Николе**

Член 1

Со оваа Одлука се менува и дополнува Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2017 година.

Член 2

Изработка на ЛУПД за соларни панели за КП 513 мв Чој Крши КО Амзабегово – вгр , со намена Е2 – комунална супраструктура и површина од 48,91 ха.

**Бр. 0801 - 278** **Совет на Општина Свети Николе**

**22.06. 2017 година** **Претседател**

**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за Насочување на движење на тешки товарни возила на улиците на град Свети Николе бр. 0801- 279 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година.

**Бр.0901-283/7** **Општина Свети Николе**
**22.06. 2017 година** **Градоначалник,**

**Свети Николе** **Зоран Тасев с. р .**

Врз основа на чл. 36 став1 точка 15 од законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5.02), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06.2017 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за насочување на движењето на тешки товарни возила по улиците во градот Свети Николе**

**Чл.1**

Движењето на тешките товарни возила кои во градот Свети Николе влегуваат од правец на Куманово и на Овче Поле се насочува по улицата „Филип втори" до излезите од градот.

Доколку овие возила имаат потреба да се вклучат на патниот правец Свети Николе – Горобинци, тоа можат да го сторат со движење по улицата „11та Македонска бригада".

Тешките товарни возила кои во градот Свети Николе влегуваат од правец на с. Горобинци се должни движењето да го продолжат по улицата „11та Македонска бригада".

**Чл.2**

Се задолжува Градоначалникот на општина Свети Николе да обезбеди технички претпоставки за извршувањето на оваа Одлука со соодветна вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација.

**Чл.3**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавување во „Слжбен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801- 279** **Совет на општина Свети Николе**
**22.06. 2017** **Претседател,**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на за пристапување кон изработка на урбанистичка планска документација за КП 8136 И.Л. бр.2КО Свети Николе-гр. бр. 0801- 280 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година.

**Бр.0901-283/8** **Општина Свети Николе**
**22.06. 2017 година** **Градоначалник,**

**Свети Николе** **Зоран Тасев**

Врз основа на член 11 став 1 и чл.26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 51/05, 70/13,), а во врска со чл.10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти(Сл. Весник на Р. Македонија бр. 23/11...115/14), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06.2017 година донесе

**О Д Л У К А**
**за пристапување кон изработка на урбанистичка планска документација за КП 8136 И.Л. бр.2КО Свети Николе-гр.**

**Член 1**

Се пристапува кон изработка на урбанистичка планска документација за КП 8136 КО Свети Николе-гр заради вклопување на бесправно изграден објект со намена А1-1 – семејно домување за кој е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект под број 09-2084 од 29.08.2011 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето, во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801 - 280** **Општина Свети Николе**
**22.06. 2017 година** **Претседател на Совет,**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за за парична помош за учество на Меѓународна олипмијада бр. 0801- 281 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година.

**Бр.0901-283/9** **Општина Свети Николе**
**22.06. 2017 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02), како и член 21 од Одлуката за извршување на Буџет на Општина Свети Николе за 2017 година бр.0801-579 од 29.12.2016 година, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06.2017 донесе:

**О Д Л У К А**

**за парична помош за учество на Меѓународна олипмијада**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе одобрува исплата на средства во износ од 20.000,00 денари на ученикот Александар Иванов од Свети Николе на име финансиска помош за учество на Меѓународна олимпијада по физика што ќе се одржи во Џакарта-Индонезија.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 од оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Свети Николе програма А0 на ставка 413 подставка 413 110 ( тековна резерва- непредвидени трошоци) на трансакциона сметка на законскиот застапник- татко на ученико Антонио Иванов.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801-281** — **Совет на Општина Свети Николе**

**22.06.2017 година** — **Претседател,**

**Свети Николе** — **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за бесплатен пристап и користење на инфраструктурата на гробишта од страна на операторите на погребални услуги бр. 0801- 282 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година.

**Бр.0901-283/10** — **Општина Свети Николе**
**22.06. 2017 година** — **Градоначалник,**
**Свети Николе** — **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), како и член 11 од Законот за Јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ,, бр.38/96,6/02,40/03,49/06,22/07,83/09,6/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06. 2017 година донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Одлука за бесплатен пристап и користење на инфраструктурата на гробишта од страна на операторите на погребални услуги**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Одлука за бесплатен пристап и користење на инфраструктурата на гробишта од страна на операторите на погребални услуги бр.0202-158/3 донесена од Управниот Одбор на ЈП,, Погребални услуги,, на 20.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801 - 282** **Претседател,**

**22.06.2017 година** **на Совет на Општина Свети Николе**

**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Решение за именување на член во Управниот Одбор на ЈП ,,Погребални услуги,, Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.1

2.Решение за именување на членови на Надзорниот Одбор на ЈП ,,Погребални услуги,, Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.2

3.Решение за именување на член во Управниот Одбор на ЈОУДГ ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . стр.3

4.Одлука за донесување Детален урбанистички план за Индустриска зона ,,Југ,, КО Свети Николе со површина на плански опфат ид 69.14ха за плански период 2016-2021 година Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . . стр.4

5.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред донесена од страна на Совет на Општина Свети Николе бр.0701-1095 од 21.12. 2012 година. . . . . . . . . . . . . .. . . . . . стр.5

6.Одлука за измена и дополнување на Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2017 година. . . . . . .. . . . . . . . . . . .стр.6

7.Одлука за Насочување на движење на тешки товарни возила на улиците на град Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . .стр.7

8.Барање од Секторот за урбанизам за лицата Нацев Димчо и Нацев Љупчо . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.8

9.Барање парична помош од лицето Александар Иванов. . . . . . . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . ...стр.9

10.Одлука за давање согласност на Одлука за бесплатен пристап и користење на инфраструктурата на гробишта од страна на операторите на погребални услуги. . . . . . . . . . . . . . . . . . .. стр.10

**Бр.  0801- 284**
**22.06. 2017година**
**Свети Николе**